РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Бр. 02-958/3
07-03-2018
СКОПЈЕ

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Р.М. бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка (Сл. весник на Р.М. бр. 124/15), Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за утврдување на висината на паричниот надоместок кој правните лица треба да го уплатат за покривање на направените трошоци од страна на Комисијата при спроведувањето на постапката за проверка на утврдените критериуми и трошоците направени за објавување на „Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси“ во „Службен весник на Република Македонија“**

1. Ова решение се донесува врз основа на точка 5 од Одлуката за утврдување на паричните надоместоци за добивање на Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси и Овластување за одржување, сервисирање и испитување на противпожарните апарати бр.02-958/1 од 17.03.2018 година.
2. Со ова решение се утврдува висината на паричниот надоместок кој правните лица треба да го уплатат за покривање на направените трошоци од страна на Комисијата при спроведувањето на постапката за проверка на утврдените критериуми и трошоците направени за објавување на „Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси“ во „Службен весник на Република Македонија“.
3. Висината на надоместокот од точка 2 на ова решение изнесува 400 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија и истиот правните лица, пред вршењето на увид (проверка), треба да го уплатат на сметката на Дирекцијата за заштита и спасување:
   - жиро сметка.........................................0500360100631-15
   - приходна сметка................................725939-20
   - единствен даночен број...................4030004532350
   - депонент..................................................НБРМ
   - жиро сметка на буџет........................100000000063095
4. При вршење на секој повторен или дополнителен увид (проверка) од страна на Комисијата од точка 2 на ова решение, се утврдува паричен надоместок од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија кој што правните лица треба да го уплатат на горенаведената сметка за покривање на направените трошоци од страна на Комисијата при спроведувањето на постапката за добивање на овластувањето.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ДИРЕКТОР
Аднан Џафероски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Комисија за проверка на утврдените критериуми што треба да ги исполнуваат правните лица за добивање на Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси,
- Архива.